РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1240/3
10-04-2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст ДКСК) на 84 – та седница одржана на 31.03.2023 година, ја донесе следнава

# ОДЛУКА

Постапката за утврдување состојба на судир на интереси заведена под бр. 09-2554/1 од 23.07.2021 година, оформена врз основа на доставена пријава од непознат подносител против повеќе службени лица од општина ---------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека за дел од наводите во пријавата не се потврдуваат, односно со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а за друг дел од наводите веќе е постапувано и донесени се одлуки, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-2554/1 од 23.07.2021 година е оформен по доставена пријава од непознат подносител против повеќе службени лица од општина -------- со наводи за вработување на нивни блиски лица во повеќе институции во истата општина.

Во насока на утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, согласно член 76 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК ги провери наводите од пријавата и ја констатира следната фактичка состојба:

Во однос на вработување на лицето ------- , сопруга на градоначалникот на општина --------, во СОУ ---------, ДКСК веќе има постапувано по истите наводи и исто така од страна на градоначалникот е доставено барање за мислење до ДКСК , по што ДКСК до истиот достави Известување со бр. 09-4141/3 од 31.10.2019 година дека во конкретната ситуација не постои судир на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во однос на наводите дека директорот на ОУ --------, ------ извршил влијание за вработување на сопругата ------ од 10.10.2019 година во СОУ --------, ДКСК не прибавуваше документација бидејќи не се работи за вработување во истото училиште каде службеното лице извршува јавни овластувања и должности.

Наводите од пријавата против ----------, директор на ОУ ------ за вработување на сопругата во општина ------, а подоцна распределена во Библиотека -------, не се потврдуваат. Имено, лицето ------- било ангажирано во општина ------ согласно Програмата за изведување на јавни работи за 2021 година со склучен договор за финансиска поддршка на невработено лице вклучено во јавни работи и тоа: бр. 08-600/26 од 01.04.2021 година, 08-840/26 од 01.05.2021 година, 08-977/26 од 01.06.2021 година и 08-1132/26 од 01.07.2021 година.

Во однос на службеното лице --------, директор на ЈПКД -------- и вработување на неговата ќерка во општина -------, ДКСК има веќе постапувано по пријава со идти наводи по што има донесено Одлука со бр. 09-1744/10 од 25.12.2020 година каде е констатирано дека наводите од таа пријава не се потврдуваат, но издаден е прекршочен платен налог до ------- поради прекршување на член 52 став 2 од ЗСКСИ.

На седницата одржана на ден 31.03.2023 година, по разгледување на сите предметни наводи, согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК констатира, да се запре постапката за утврдување судир на интереси во врска со наводите кои се однесуваат на влијание од повеќе службени лица од општина ------ за вработување на блиски лица.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

По заклучок од седница на ДКСК
Изработил: К.З., раководител
Одобрил: Г.Т., член на ДКСК